**20180581089**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24, став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015 и 11/2018), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 23.3.2018 донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИ ПАЗАРИ ШТО СЕ ПОДЛЕЖНИ НА ПРЕТХОДНА РЕГУЛАЦИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година, број 02-2010/2 од 15.04.2011 година, број 0307-1276/2 од 07.05.2014 година, број 0201-1476/7 од 15.12.2014 година, број 1306-252/2 од 20.01.2016 година, број 1303-690/10 од 19.04.2016 година и број 1302-1322/2 од 11.04.2017 година во член 3 точка а) и точка б) се брише.

Во член 3 од истата Одлука потточките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат потточки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, и 10.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“ и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало, пазар за Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници.

Во финалниот документ од анализата на пазар за Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници, донесен под број 1302-168/2 од 15.01.2018 година е утврдено дека овој релевантен малопродажен пазар повеќе не го исполнува тестот на три критериуми, со што истиот не ги исполнува условите за релевантен пазар за претходна регулација. Според заклучоците релевантниот пазар се брише.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 1302-326/4
23 март 2018 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за електронски комуникации,
**Сашо Димитријоски,** с.р.